ИСИЕ
www.isie.org.mk

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА КВАЛИТЕТ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ ВО ФУНКЦИЈА НА СПРЕЧУВАЊЕ НА ОДЛИВОТ НА МОЗОЦИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДОКУМЕНТ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ

**д-р Мишо Докмановиќ**

CIVICA MOBILITAS

# Воспоставување на критериуми за квалитет во општествените науки во функција на спречување на одливот на мозоци од Република Македонија

## Документ за креирање на политики

**Воспоставување на критериуми за квалитет во општествените науки во функција на спречување на одливот на мозоци од Република Македонија**
Документ за креирање на политики

**Издавач:**
Институт за стратешки истражувања и едукација www.isie.org.mk

**Автор**
д-р Мишо Докмановиќ

**Лектура**
Лилјана Јовановска

**Печати**
Pan Computers&Print www.print.mk

**Дизајн на корица и графичка подготовка**
Александра Новеска

Оваа публикација беше овозможена со поддршка од програмата Цивика мобилитас. Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU) Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторот и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

# ИЗВАДОК

Оваа студија е фокусирана на воспоставувањето на јасни критериуми за квалитет во општествените науки во функција на спречување на миграцијата на истражувачите од оваа област од Република Македонија.

Преку спроведеното истражување базирано на примарни и секундарни податоци, беше извршена евалуација на постојните законски рамки за спречување на одливот на мозоци од земјата, како и на ставовите на целната група (научниците и истражувачите во областа на општествените науки.

Документот нуди неколку препораки за клучните носители на политики, првенствено Министерството за образование и наука на Република Македонија, универзитетите, како и другите институции и организации.

# 1. ВОВЕД

Како и поголемиот број земји во Источна Европа, Република Македонија (РМ) подолг временски период се соочува со предизвикот на „одливот“ на мозоци, односно мигрирањето на висококвалификувани луѓе од економски и др. причини. Покрај постоењето на интензивна миграција на сите категории на население, последните истражувања покажуваат дека се зголемува бројот и на квалификуваните и образованите лица во областа на општествените науки кои ја напуштаат земјата. Оваа нестандардна миграција е карактеристична за последните неколку години.

Една од причините за овој загрижувачки тренд претставува и фактот дека во земјата не постојат критериуми за тоа што се смета за квалитет во областа на општествените науки што се реперкуира на законските решенија (Закон за високо образование, Закон за научно-истражувачка дејност, итн.) кои не создаваат рамка во која би можело да се подобрат можностите на успешните студенти за вработување, но и развој на кариерата и конечно изразување во сопствената земја на универзитетските професори, соработници и истражувачи. Паралелно со тоа, овие законски решенија се предмет на постојана измена што ја доведува во прашање правната сигурност на нашите конституенти.

Во таа насока, отсуството на конзистентен пристап за валоризација на квалитетот на истражувањата, придонесува истражувачите да не гледаат перспектива во своите средини и да се иселуваат. Дополнителен поттик за отворање на ова прашање беа и регионалните форуми на Цивика мобилитас за Вардарскиот, Североисточниот, Источниот и Југоисточниот Регион одржани во Свети Николе (14.07.2016 г.) и Штип (07.10.2016 г.) на кои тема беше и намалувањето на миграциите што нѐ поттикна како организација која работи во областа на високото образование да размислуваме во оваа насока.

Спроведеното истражување се обиде да даде одговор на следниве прашања: (1) кои се предизвиците со кои се соочува целната група при спроведувањето на истражувањата во општествените науки? (2) дали целната група размислува за напуштање на земјата? (3) кои се главните причини за „одливот на мозоци“ од РМ? (4) каква улога играат критериумите за квалитет во истражувањата? (5) дали се потребни дополнителни акти или промена на постојните за спречување на заминувањето на најквалификуваната категорија на население? и др. Освен тоа, како причина за спроведување на истражувањето се наметна и фактот дека подолг временски период оваа тема отсуствува од јавниот дискурс, особено по донесувањето на Националната стратегија во 2013 година.

Имајќи го тоа предвид, ова истражување е фокусирано на еден специфичен сегмент на пазарот на труд – високообразованите поединци во областа на општествените науки и нивните ставови и перцепции за можноста за мигрирање во странство, особено од аспект на причините за тоа.

Во таа насока, врз основа на спроведеното емпириско истражување, овој документ се обидува да понуди решенија за подобра имплементација на Стратегијата за спречување на „одливот на мозоци“ особено во областа на општествените науки, како и подобрување на информираноста на пошироката јавност за ова значајно прашање. Намената на овој документ е да понуди сеопфатни и убедувачки аргументи кои ги оправдуваат препораките изнесени во него и како резултат на тоа, да го унапреди процесот на донесување на одлуки, како и да ја подигне свеста на јавноста, а особено засегнатите страни за овој проблем.

Што се однесува до **методологијата** на истражувањето, авторите се водеа од постулатот дека од исклучително значење за утврдување на ефикасноста на постојните политики е да се анализираат ставовите на категориите на кои тие политики се однесуваат. Врз основа на тоа, беше создадена методолошка рамка во која беа опфатени примарни и секундарни извори на информации.

*Примарните извори на информации* се базираат на спроведената анкета со научници, универзитетски професори, соработници и истражувачи кои работат во областа на општествените науки во РМ.

Анкетата со целната група беше спроведена во периодот од 20 октомври до 2 октомври 2017 година во електронска форма преку стандардизиран прашалник со вкупно 17 прашања. Во анкетата беа опфатени вкупно 347 испитаник од целната група од кои на 81, односно 23,34%,

одговорија на поставените прашања. Посебно внимание при спроведување на анкетата беше посветено во одговорите да бидат опфатени испитаници од главниот град, како и од внатрешноста на земјата, а се водеше и грижа за родовата, етничката и религиската застапеност. Конечно, селекцијата на испитаниците беше прилагодена на форматот и временската рамка на проектот.

Во рамките на ова истражување ИСИЕ организираше и една тркалезна маса на тема „Квалитетот во истражувањата во општествените науки и спречувањето на одливот на мозоци од РМ: научени лекции и идни предизвици" која се одржа во октомври 2017 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. На тркалезните маси беа поканети релевантни носители на интереси за оваа проблематика: универзитетски професори и соработници, истражувачи, претставници од универзитетите, правни експерти, претставници на Министерството за образование и наука на РМ, претставници од граѓанските организации и др.

Тркалезната маса беше инкорпорирана во проектот со цел да се презентираат прелиминарните податоци од спроведената анкета, да се поттикне јавна расправа за актуелните законски решенија, да се презентираат ставовите на различните субјекти засегнати со оваа проблематика и да се приберат податоци за имплементацијата на актите поврзани со спречувањето на „одливот на мозоци" од земјата.

*Секундарните извори на информации* беа обезбедени преку анализа на постојната легислативна рамка која се однесува на спречувањето на одливот на мозоци од РМ (резолуциите за миграциската политика на Република Македонија донесени од страна на Собранието за периодот од 2009 до 2014 година и 2015–2020 година, Националната Стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високо образовани и стручни кадри 2013–2020 година, како и други релевантни документи.

Еден документ не може да ги реши сите аспекти на еден проблем, но може да ги идентификува главните предизвици и консеквентно на тоа, да понуди алтернативи. Како што е честопати случај, во рамките на истражувањето се соочивме со определени ограничувања. Во најголем дел, ограничувањата се однесуваа на логистичките предизвици особено од аспект на пробудување на интересот на целната група (универзитетските професори и истражувачи). И покрај комплексните услови за работа и спроведување на истражувања во областа на општествените науки, најголемиот број истражувачи не дадоа одговор на поставените прашања (речиси 76% од

испитаниците до кои беше испратена анкета) што укажува дека кај оваа категорија не постои интерес за ова прашање. Овие ограничувања нè прават особено претпазливи при утврдувањето на препораките од овој документ.

# 2. ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ

Овој дел на документот е поделен на два дела. Во првиот дел е прикажана сегашната ситуација, законската рамка и актуелните политики во врска со спречувањето на „одливот на мозоци“ со посебен акцент на релевантноста на овие акти за општествените науки. Во вториот дел се прикажани резултатите од спроведеното емпириско истражување.

## 2.1. АНАЛИЗА НА СЕГАШНАТА СИТУАЦИЈА, АКТУЕЛНИ ПОЛИТИКИ И ЗАКОНСКА РАМКА

Во изминатата декада сè повеќе и повеќе се зголемуваше трендот на мигрирање од регионот на Југоисточна Европа. Овој тренд не ја одмина и РМ. Во таа насока, трендот на мигрирање од Македонија во последните десетина години го одбележаа неколку белези кои не постоеја претходно.

Прво, за разлика од порано, во голем дел бранот на емиграција ги вклучи и високообразованите успешни професионалци, универзитетскиот кадар, како и истражувачите кои сè повеќе и повеќе се одлучуваа да ја напуштат земјата. Под широко прифатениот термин „одлив на мозоци“ се подразбира меѓународниот трансфер на ресурси во форма на човечки капитал. Поконкретно терминот се однесува на мигрирање на високообразована и квалификувана работна сила од земјите во развој во развиените земји. Според Станковиќ и др., најголемиот дел на македонската емиграција е поврзан со мигрирање на висококвалификуваната работна

сила.[1] Трендот на поинтензивно емигрирање на квалификуваната работна сила започна уште во текот на деведесеттите години на минатиот век. Во тој контекст, најсликовито говори податокот дека бројот на научници и истражувачи во периодот од 1995 до 2000 година се намали за 70 проценти.[2]

Второ, се чини дека за ова прашање не постоеше поголем интерес и свест, како кај истражувачите, така и кај официјалните државни органи и носители на интереси. Значителен временски период по осамостојувањето и транзицијата РМ немаше донесено стратегија за спречување на „одливот на мозоци", а статистичките податоци за ова прашање беа и се уште лимитирани, што беше предмет на континуирана критика на јавноста. Во таа насока, Хорват сугерираше дека во Македонија не постои свест за проблемот.[3]

Паралелно со тоа, бројот на истражувања на оваа тема е релативно мал.[4] Оваа констатација се однесува особено на периодот по донесувањето на Националната стратегија, за што ќе стане збор подолу во текстот. Истражувањата за „одливот на мозоци" најчесто беа фокусирани на младите луѓе, иако се чини дека и кај средната популација постои силен потенцијал за емигрирање, тренд што го покажува и нашата студија.

Трето, недостасуваат веродостојни податоци за бројот на македонската дијаспора. Според процената на Министерството за надворешни работи на РМ, бројот на иселеници од РМ во прекуокеанските земји изнесува помеѓу 565.000 – 600.000, а во европските земји – 284.600.[5]

---

[1]Stankovic, M., Angelova, B., Janeska, V., Stankovic, B., Brain Drain as Brain Gain in Southeast Europe: Challenges Ahead, ICIE2013-International Conference on Innovation, conference proceedings, 2013.

[2]Vangeli, A., Mehmedovic, N., Bakiu, B., National Report: Brain Drain in Macedonia: Scope and Factors, Center for Research and Policy Making, Skopje, April 2010, p. 1.

[3]Horvat, V., BrainDrain. Threat to Successful Transition in South East Europe?, Southeast European Politics, 2004, 5/1, p. 84.

[4]Pavlov, T.(ed), *Brain Drain Policies and Practices in the Western Balkans*, Group 484 Centre for Migration, December2013; Center for Research and Policy Making, *Developing Brain Gain Policies in Macedonia: Pitfalls and Challenges*, Available at: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2012/03/Developing-Brain-Gain-Policies-in-Macedonia_Pitfalls-and-ChallengesOPTIM.pdf.; Vangeli, A., Mehmedovic, N., Bakiu, B., National Report: Brain Drain in Macedonia: Scope and Factors, Center for Research and Policy Making, Skopje, April 2010.

[5]Република Македонија, Министерство за образование и наука на РМ , Национална Стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високо образовани и стручни кадри, 2013 – 2020 година, Скопје, октомври 2013 година, достапно:http://arhiva.vlada.mk/registar/files/Nacionalna_Strategija_za_vmrezuvanje_sorabotka_i_namaluvanje_na_odlivot_na_visoko_obrazovani_i_strucni_kadri_2013-2020.pdf

Според Диец, бројот на македонската дијаспора во странство изнесуваше 460.000 граѓани, односно 23% од вкупното население на земјата.[6] Од друга страна, според Глобалниот извештај за компетитивност на Светскиот економски форум за 2016/17 година, Македонија се наоѓа на 115 место во светот по капацитетот да ги задржи талентите.[7] Сличен тренд на интелектуалната емиграција од Македонија беше идентификуван и во студијата „Социјалниот импакт од емиграцијата и рурално-урбаната миграција во земјите од Централна и Источна Европа", објавена во 2015 година од страна на Европската комисија[8].

Што се однесува до начините на кои државата го адресираше ова прашање, треба да се нагласи дека земјата релативно доцна го отвори ова прашање. Дури во 2008 година од страна на Собранието на РМ беше донесена првата **Резолуција за миграциската политика на Република Македонија за периодот од 2009 до 2014 година**. Овој документ претставуваше прв обид за адресирање на ова прашање.

Во овој документ, меѓу, другото беше потенцирана обврската на државата за враќање на членовите на македонската дијаспора во земјата. Покрај тоа, во документот беше сугерирано дека негативните ефекти од „одливот на мозоци" би можеле да се надминат преку следниве мерки: мапирање на дијаспората и креирање на база на податоци за одделни категории на емигранти (научни работници, уметници и др.) каде емигрантите доброволно би се регистрирале, мерки за олеснување на враќањето на граѓаните коишто регуларно престојуваат во странство, креирање на политика за намалување на интелектуалната емиграција, за враќање на високообразовани лица од странство, како и ублажување на неповолните импликации од интелектуалната емиграција.[9] Описот на мерки во резолуцијата беше поставен генерално општо без наведени конкретни

---

[6]Dietz, B. (2010). Migration and remittances in Macedonia: A Review. Ost Europa Institut Regensburg, Working Paper No. 281, February 2010, p. 11.

[7]World Economic Forum, The Global Competitiveness Report, 2016-2017, Available at http://www3.weforum.org/docs/GCR2016-2017/05FullReport/TheGlobalCompetitivenessReport2016-2017_FINAL.pdf

[8]European Commission, Social Impact of Emigration and Rural-Urban Migration in Central and Eastern Europe, Available at http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=89&newsId=1778&furtherNews=yes

[9]Собрание на Република Македонија, Резолуцијата за миграциската политика на РМ за периодот од 2009 до 2014 година, декември 2008 г, достапно на http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/REZOLUCIJA_MIGRACIONA_POLITIKA.doc.

активности за нивна имплементација. Како главна одговорна институција за ова прашање беше предвидено Министерството за труд и социјална политика[10].[11]

Во 2015 година Собранието на РМ повторно донесе **Резолуција за миграциската политика за периодот 2015-2020 година.** Оваа резолуција недвосмислено го идентификуваше проблемот со одливот на мозоци и како резултат на тоа, намалувањето на интензитетот на трајната емиграција, посебно на интелектуалната емиграција, преку континуирано адресирање на причините за изразените миграциски намери беше утврдено како прва стратешка цел на миграциската политика.[12] Сепак треба да се нагласи дека овој документ беше фокусиран на емиграцијата на медицинскиот и инженерскиот кадар што недвосмислено беше потенцирано во документот.

Покрај тоа, треба да се нагласи дека голем исчекор во поглед на спречувањето на „одливот на мозоци" од земјата беше постигнат со донесувањето на **Национална Стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри 2013 – 2020.**[13]Во рамки на истражувањата поврзани со подготовката на оваа стратегија, беше утврдено дека најчестите причини поради кои младите се одлучуваат да ја напуштат земјата се: ниските плати, економската нестабилност и неизвесност, ограничените можности за напредок во кариерата, политичкиот притисок, како и недостатокот од финансиски средства и можности за започнување на свој бизнис. Како можни решенија на овие предизвици беа понудени: инвестирање во нови производствени капацитети и научноистражувачка дејност, зголемување на платите, вклучување на поединците кои работат во странство во образовните, научните и деловните процеси во земјата; сериозни реформи во процесите

[10]Во овој документ беа утврдени 5 категории на носители на интереси поврзани со спречувањето на одливот на мозоци од земјата.
[11]Idem, стр. 41.
[12]Собрание на Република Македонија, Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија за периодот од 2015 до 2020 година, јануари 2015 г., стр. 46.
[13]Република Македонија, Министерство за образование и наука на РМ, Национална Стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високо образовани и стручни кадри, 2013 – 2020 г., Скопје, октомври 2013 година, достапно
http://arhiva.vlada.mk/registar/files/Nacionalna_Strategija_za_vmrezuvanje_sorabotka_i_namaluvanje_na_odlivot_na_visoko_obrazovani_i_strucni_kadri_2013-2020.pdf

на вработување и отстранување на влијанијата од роднинско-пријателска или политичка страна, медиумска кампања итн.[14]

Стратегијата го идентификуваше и проблемот дека на македонските високообразовни институции не се преземаат мерки за спречување на одливот на мозоци. Креирањето на политика за намалување на одливот на мозоци повторно беше посочено како една од позначајните мерки. Со овој документ беа предвидени серија на мерки за справување со овој предизвик вклучувајќи: формирање и управување со база на интелектуалната емиграција од РМ; формирање на форум на македонски експерти во странство; организација на промотивни настани за афирмирање на политиката; анимирање на јавното мислење преку серија на емисии; стипендирање на престој и студии во странство на високообразовани поединци од техничките науки и медицината; поддршка и учество на приватниот сектор во намалувањето на одливот на мозоци; вработување во органите на државната управа, оптимизирање на бројот на студенти на определени насоки од општествените науки на универзитетите, грантови и инвестиции во инфраструктура, зголемување на интелектуалната размена итн.

Со исклучок на програмата за стипендирање и развојот на лаборатории во изминатиот период не беа преземени други конкретни мерки за справување со овој предизвик. Покрај тоа, досега не е направена анализа за влијанието на регулативата поврзана со „одливот на мозоци“, особено во поглед на конкретните ефекти од донесените документи.

Конечно, треба да се нагласи дека општо присутната перцепција во јавноста дека „одливот на мозоци“ во најголем дел ги погодува техничките, природните и медицинските науки, се рефлектира и на донесените национални документи. Така, на пример, и самата Резолуција за миграциската политика на РМ од 2008 година потенцира дека „поголем е бројот на млади високообразовани лица, како и студенти на последните години од факултетите на техничките и природните науки кои размислуваат или планираат да заминат во странство.“[15] Во резолуцијата од 2015 година

---

[14]Idem, стр. 16.

[15]Собрание на Република Македонија, Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија за периодот од 2009 до 2014 година, декември 2008 г., достапно на http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/REZOLUCIJA_MIGRACIONA_POLITIKA.doc., стр. 4.

овој тренд на приказ е задржан и документот сугерира дека голем дел од одливот на мозоци се однесува на инженерите и медицинските лица.[16]

Во целата стратегија општествените науки се спомнуваат само во контекст на оптимизирање на бројот на студенти и бројот на државно финансирани образовни профили. Тоа претставуваше и дополнителна причина преку спроведеното истражување да го процениме потенцијалот за мигрирање на највисоко образованата категорија на население во областа на општествените науки.

[16]Собрание на Република Македонија, Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија за периодот од 2015 до 2020 година, јануари 2015 г., стр. 13.

# 3. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Како што беше нагласено во воведот на оваа студија, примарните извори за потребите на истражувањето беа собрани преку анкета со лица кои се занимаваат со истражувања во областа на општествените науки во РМ. Поконкретно, во својство на испитаници беа опфатени наставници и соработници на јавните и приватните универзитети во земјата, како и истражувачи кои спроведуваат истражувања во областа на општествените науки во граѓанските организации, како и поединци. Во рамките на истражувањето беше подготвена листа на достапни електронски адреси на наставниците и соработниците на веб-сајтовите на јавните и приватните универзитети.[17] Паралелно со тоа, беше направена и листа на релевантни граѓански организации и истражувачи кои се занимаваат со истражувања во општествените науки.

Во соработка со д-р Мајкл Окснер, виш истражувач во Швајцарскиот центар за експертиза во општествени науки од Лозана, беше подготвена анкета. Анкетата беше фокусирана на перцепциите поврзани со миграцијата, причините за миграцијата, како и општите услови за вршење научноистражувачка работа. Критериумите за квалитет беа опфатени во посебна анкета и беа анализирани независно од ова истражување.

Анкетата содржеше 17 прашања и беше спроведена по електронски пат во периодот од 20 септември до 2 октомври 2017 година.

Покрај тоа, во рамките на истражувањето беше организирана и тркалезна маса на 4 октомври 2017 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје беше организирана тркалезна маса со нашите конституенти за резултатите од анкетата и можноста за нивно инкорпорирање во новите законски решенија на која учествуваа преку 40 универзитетски професори, асистенти и истражувачи, како и претставник на Министерството за образование и наука на РМ. Покрај

[17]Согласно Законот за високото образование и подзаконските акции, еден од условите за акредитација на високообразовните институции претставува и одржување на веб-сајт.

тркалезната маса, беше одржан и тренинг за млади истражувачи на кои учествуваа 75 учесници кои беа запознаени со главните постулати на концептот на квалитет во општествените науки. Двата настани беа организирани во соработка со Швајцарскиот центар за експертиза во општествените науки од Лозана.

## 3.1. Резултати од анкетата

Прашалникот со анкетата беше испратен на 347 поединци од кои 81, односно 23,34%, одговорија на поставените прашања. Општоприфатениот стандард за процентот на испитаници во овој тип на анкети изнесува помеѓу 20 и 25% и истиот е задоволен во целост. Во продолжение се претставени сумарните статистики за примерокот.

**Табела 1**




Во поглед на занимањето, 73,5% од испитаниците се универзитетски професори и асистенти, а 22,5% се истражувачи. Што се однесува до полот на испитаниците, 59,26% беа од женски пол, а 40,74% од машки пол. Во поглед на старосната структура, најголемиот дел од испитаниците беа на возраст од 31 до 45 години (58,02% од испитаниците), по што следеа испитаниците на возраст од 45 до 60 години (29,63%), На возраст од 18 до 30

години беа 9,88% од испитаниците, а од старосната група на над 60 години добивме само два одговора. Што се однесува до националната припадност на испитаниците, 86,42% се изјасниле како Македонци; 6,17% како Албанци; 3,7% – Турци, 2,47% – друго и 1,23% – Срби. Во рамките на дефинирањето на примерокот, беше поставено прашање и за нето-месечниот приход на испитаниците. Во таа насока, месечен приход од 300 до 500 евра имаат 27,16% од испитаниците, приход од 500 до 700 евра имаат 33,33%, а од 700 до 1000 евра – 23,46% од испитаниците. Само 14,81% од испитаниците имаат месечни нето-приходи над 1000 евра.

## Табела 2




Имајќи ги предвид претходно наведените карактеристики на примерокот, ќе преминеме на анализа на одговорите на поставените прашања. На првото поставено прашање „Доколку имате можност, дали би ја напуштиле Вашата татковина и би живееле во странство?“ дури 68,75 % дале позитивен одговор. На ова прашање негативен одговор дадоа „27,5%“ од испитаниците. Најголем дел од испитаниците кои дадоа позитивен одговор на ова прашање би заминале во Европа (77,42%), а помал дел во Северна Америка (33,87%) и Австралија (14,52%). Дополнително, испитаниците кои дадоа позитивен одговор на прашањето за напуштање на татковина, беа прашани „колку долго би останале во странство?“. Најголемиот дел (44,44%) дадоа одговор дека засекогаш би останале во странство. Помал дел би останале десет и повеќе години (15,87%), односно пет години (17,46%).

## Табела 3




Покрај подготвеноста и размислувањето за напуштање, за спроведеното истражување беше да се утврди дали оваа категорија на испитаници има преземено конкретни активности за напуштање на земјата. Во таа насока, 19,74% од испитаниците имаат преземено конкретни активности за напуштање на земјата, а останатиот дел (80,26%) на ова прашање дадоа негативен одговор.

## Табела 4



Вториот дел на анкетата беше посветен на општата перцепција за одливот на мозоци. Дури 45% од испитаниците имаат членови на потесното семејство кои живеат во странство. На ова прашање 55% дадоа негативен одговор.

За да се дефинираат можните алтернативи во поглед на прашањето од интерес, од големо значење е да се утврдат и причините за напуштањето. На прашањето „Зошто луѓето од Вашата земја се одлучуваат да живеат во странство? ", прашање на кое испитаниците можеа да одберат повеќе од еден понуден одговор, најголем број од испитаниците ги идентификуваа следниве причини: малиот број на можности (53,09%), подобар животен стил (48,15%), политичка нестабилност (32,1%) и притисок во општеството (32,15%).

**Табела 5**



## Табела 6




Спроведеното истражување се обиде да ги утврди причините зошто самите испитаници би ја напуштиле земјата. И на ова прашање испитаниците можеа да дадат повеќе од еден одговор. Во таа насока, најголемиот дел би ја напуштиле земјата поради „чувството дека ништо не се менува во државата“ (55,7%). Покрај тоа, како лични причини за напуштање на земјата беа идентификувани и „подобар животен стил“ (39,24%), „малиот број на можности“ (35,44%), „политичката нестабилност“ (27,85%) и др.

## Табела 7




Дополнителен индикатор за расположението на групата на испитаници претставуваше и прашањето „дали би прифатиле работа во странство која не одговара на нивните квалификации?". На ова прашање дури 43,21% од испитаниците дале позитивен одговор, а останатите 53,09% дале негативен одговор.

Значајно место во анкетата беше посветено и на утврдување на условите во кои работат истражувачите во областа на општествените науки и како резултат на тоа, нивното влијание за одливот на мозоци од земјата.

Табела 8




Табела 9



Во таа насока, на прашањето „дали властите во Вашата земја инвестираат доволно во истражување и развој?“ сите испитаници дадоа идентичен негативен одговор (100%). Слична тенденција е присутна и во делот на финансирањето на научноистражувачките проекти во релевантните области за истражувачи. На прашањето „Дали имате пристап до средства за финансирање на научноистражувачки проекти од Вашата област?“, 59,96% од анкетираните дале негативен одговор. Една третина од анкетираните, односно 33,33% одговориле дека обезбедуваат финансирање преку меѓународна информација. Тоа сугерира дека како резултат на повеќегодишното отсуство на финансирање, истражувачите и во општествените науки се ориентирани кон обезбедување на финансирање од странски извори.

## Табела 10




Освен тоа, во рамки на оценката за вршењето на научноистражувачка работа, најслаба оцена од испитаниците добија условите, ресурсите и опремата за работа (1,91), како и платата (2,1). Релативно повисоки оцени добија можностите за напредување во кариерата (2,7) и професионалните можности во странство (2,78). Највисока оцена од испитаниците доби слободата на истражувањата (3,3).

## Табела 11




Во подготовката на прашалникот имавме првични сознанија и очекување дека платата ќе биде идентификувана како клучен предизвик во унапредување на положбата на истражувачите во општеството и консеквентно на тоа, нивното задржување во нашата земја. Како резултат на тоа, на поставеното прашање „За да бидете задоволни со Вашата плата истата треба да се зголеми за", ги добивме следните одговори: „од 10 до 20%" – 7,5% од испитаниците; „од 20 до 50%" – 15% од испитаниците; „од 50 до 80%" – 31,25% од испитаниците, а за зголемување на платата од „80 до 100%" се изјасниле 18,75% од испитаниците. Само 3,75% од испитаниците сметаат дека платата не треба да се зголемува.

Во контекст на положбата на испитаниците во општеството беше поставено прашањето за нивната перцепција во поглед на положбата во општеството. На ова прашање добивме доста спротивставени одговори. Додека 59,49% од испитаниците сметаа дека ужива „висок економски статус" во општеството, останатите 30,38% сметаат дека имаат низок економски статус во општеството.

## Табела 12




## Табела 13



Слична поделеност беше присутна и во поглед на можностите за напредување во кариерата. Во тој правец, 51,85% од испитаниците се изјасниле дека „напредуваат до определен степен“, 9,88% – дека „напредуваат во голем дел“, а 4,94% – „целосно напредуваат“. Сепак, 23,46% од испитаниците се изјаснија дека „малку напредуваат“, а 9,88% – дека професионално назадуваат.

**Табела 14**




Конечно, на прашањето „каде се гледате за 5 години?“, 69,14% од испитаниците одговориле дека се гледаат во сопствената земја, а 27,16% – во странство. Овој одговор укажува на голем потенцијал за емигрирање на категоријата на најобразована население во општествените науки.

Со цел да добиеме подетална слика за начинот на вработување на институциите кои се занимаваат со истражувања во општествените науки, го поставивме и прашањето „дали се соочивте со предизвици при Вашето вработување?“ при што најголемиот дел од испитаниците дадоа негативен одговор (58,02%). Тоа укажува на тенденцијата дека највисоко образованите поединци во општествените науки во најголем дел не се соочуваат со предизвици по основ на вработувањето. Сепак, на ова прашање беа дадени и позитивни одговори кои вклучуваа: отсуство на интерес за моето знаење и образование (17,28%), беше побарано да бидам член на политичка партија (7,41%), ја добив работата преку непотизам и „врски“ (4,94%) поради мојата

возраст (3,70%). Од овие податоци очигледно се наметнува заклучокот дека сè уште се присутни и коруптивни практики при вработувањето, но и дека во значителен број случаи постоело отсуство на интерес за знаењето и образованието на истражувачите.

**Табела 15**




Имајќи предвид дека целта на истражувањето е да се процени и влијанието на утврдувањето на критериумите за квалитет на одливот, неколку прашања беа фокусирани и на овој аспект. Тоа го потврдија и одговорите на дел од прашањата. Во таа смисла, на прашањето „Дали сметате дека стандардите за квалитетно истражување во Вашата област се јасно дефинирани?“ речиси две третини од испитаниците (65,43%) дадоа негативен одговор. Останатиот дел од испитаниците сметаат дека во соодветната област „постојат неколку критериуми за квалитет“(23,46%), односно дека во соодветната област „постојат јасни и познати стандарди и критериуми за квалитет во истражувањата“ (8,64%). Утврдувањето на критериумите за квалитет може да претставува клучен критериум за финансирање на истражувањата во општествените науки.

## Табела 16




## Табела 17



Во спроведената анкета беа вклучени и прашања поврзани со развојот на политики на национално и институционално ниво за спречување на одливот на мозоци. Консеквентно на тоа, 88,75% навеле дека на нивната установа не постои политика за спречување на одливот на мозоци. Покрај тоа, 8,75% наведоа дека на нивната „институција се води сметка за спречување на „одливот на мозоци“, но не постојат формални акти и/или процедури за ова прашање“.

Значајни видувања за потенцијалот на мигрирање на категоријата на универзитетски професори, научници и истражувачи од општествените науки беа презентирани на тркалезната маса која беше одржана на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 4 октомври 2017 година. На тркалезната маса учествуваа 34 учесници: декани, универзитетски професори и соработници, истражувачи, претставници на граѓанските организации вклучувајќи ги и студентските организации, претставник на Министерството за образование и наука на РМ, како и експертот на Швајцарскиот центар за експертиза во општествените науки, д-р Мајкл Окснер.

По презентацијата на прелиминарните податоци од анкетата, се разви дискусија од која се формулираа следниве заклучоци: (1) кај универзитетски професори и соработници постои сериозна загриженост за ресурсите кои им стојат на располагање за спроведување на истражувањата; (2) постои незадоволство во делот на месечните примања што има големо влијание на квалитетот на живот; (3) постои ургентна потреба од унапредување на соработката со странски партнери и странски „know-how“ во функција на подобрување на квалитетот на истражувањата и (4) државата треба да води посебна грижа за младиот квалификуван кадар кој се враќа од студии (постдипломски и докторски) од странство и да им обезбеди соодветни можности на нивното образование и стекнати вештини.

## 4. Заклучоци и препораки

Врз основа на спроведеното емпириско истражување и анализата на релевантните национални документи поврзани со одливот на мозоци, може да се заклучи следново:

- Во РМ е создаден потенцијал за миграција на високообразовани професионалци и во општествените науки. Тоа го урива досега присутниот стереотип во македонската јавност дека потенцијалот за мигрирање доминантно постои во областа на техничките и медицински науки. Истражувањето покажа дека 68,75% од испитаниците би ја напуштиле земјата и би живееле во странство доколку би им се укажала можност. Истовремено, 27,16% од анкетираните за пет години се гледаат во странство.
- Висок интерес за мигрир
- ање покажува категоријата на најобразовано население. Речиси 20% од испитаниците имаат преземено конкретни активности за напуштање на земјата, а преку 40 % од испитаниците би прифатиле работа во странство која не одговара на нивните квалификации
- Најголемиот дел од испитаниците кој размислува за иселување, би останал во странство поголем временски период.
- Донесените документи на национално ниво не ја рефлектираат адекватно реалната состојба во врска со потенцијалот за емигрирање од земјата и истите се ограничуваат само на техничките и медицинските науки.
- Поразителен е податокот дека сите испитаници (100%) дадоа идентичен негативен одговор на прашањето дали властите инвестираат доволно во истражување и развој.
- Преку две третини од испитаниците сметаат дека критериумите за квалитет во соодветната област не се јасно утврдени.
- Не постојат политики, формални и неформални, за спречување на „одливот на мозоци“ на универзитетско ниво.

- Во поголемиот број случаи испитаниците навеле дека не се соочиле со предизвици во вработувањето, но сепак се присутни и корумптивни практики при вработувањето вклучувајќи барање за членство во политичка партија и непотизам. Во значителен број случаи не постоел интерес за знаењето и образованието на испитаниците.
- Во делот на индикатори за квалитетот на живот, спроведеното истражување покажува дека истражувачите во најголем дел истото го идентификуваат со висината на месечните примања и во најголем дел бараат значително зголемување на платата, односно над 50%.

Врз база на спроведеното истражување, беа утврдени следниве препораки:

### а) до Министерството за образование и наука на РМ

- Да се направи ревизија на постојните национални документи кои се однесуваат на прашањето на миграцијата. Истите треба да бидат приспособени на реалните услови на кои се фокусираше ова истражување, особено на потенцијалот за миграција во општествените науки.
- Да се преоцени потребата во националните документи експлицитно да се прави дистинкција за потенцијалот на миграцијата во различните научни подрачја.
- Да се имплементираат предвидените мерки во националните документи за спречување на „одливот на мозоци“.
- Да се преземат мерки за подобрување на условите, ресурсите и можностите за вршење на научноистражувачка работа, како и значително да се зголемат месечните примања на категоријата на најобразовано население.
- Да се иницира процес за утврдување на критериуми за квалитет во истражувањата преку видливо и суштинско учество на академската заедница.
- Континуирано да се следат нашите истражувачки потенцијали во странство (младите истражувачи, но и научниците од средната популација) и да се создаваат услови за нивно привлекување во татковината.

б) до универзитетите/истражувачките институции.

- Да се промовира вложувањето во научни истражувања и развој, како и да се преземат мерки за мотивирање на врвните научници на универзитетите и институциите.
- Да се донесат документи и/или политики за спречување на „одливот на мозоци“ од универзитетите.
- Да се преземат мерки за елиминирање на корумптивните практики при вработување вклучувајќи непотизам и политичка припадност.
- Да се промовира јавната дебата за ова прашање во академската средина.

# Библиографија


Center for Research and Policy Making, *Developing Brain Gain Policies in Macedonia: Pitfalls and Challenges,* Available at: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2012/03/Developing-Brain-Gain-Policies-in-Macedonia_Pitfalls-and-ChallengesOPTIM.pdf.

Dietz, B. (2010). Migration and remittances in Macedonia: A Review. Ost Europa Institut Regensburg, Working Paper No. 281, February 2010.

European Commission, Social Impact of Emigration and Rural-Urban Migration in Central and Eastern Europe, Available at http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=89&newsId=1778&furtherNews=yes

Horvat, V., Brain Drain. Threat to Successful Transition in South East Europe?, Southeast European Politics, 2004, 5/1.

Pavlov, T. (ed), *Brain Drain Policies and Practices in the Western Balkans,* Group 484 Centre for Migration, December 2013.

Stankovic, M., Angelova, B., Janeska, V., Stankovic, B., Brain Drain as Brain Gain in Southeast Europe: Challenges Ahead, ICIE2013-International Conferenceon Innovation, conference proceedings, 2013.

Vangeli, A., Mehmedović, N., Bakiu, B., National Report: Brain Drain in Macedonia: Scope and Factors, Center for Research and Policy Making, Skopje, April 2010.

World Economic Forum, The Global Competitiveness Report, 2016-2017, Available at http://www3.weforum.org/docs/GCR2016-2017/05FullReport/TheGlobalCompetitivenessReport2016-2017_FINAL.pdf

Република Македонија, Министерство за образование и наука на РМ, Национална Стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високо образовани и стручни кадри, 2013 – 2020 година, Скопје, октомври 2013 година, достапно на http://arhiva.vlada.mk/registar/files/Nacionalna_Strategija_za_vmrezuvanje_sorabotka_i_namaluvanje_na_odlivot_na_visoko_obrazovani_i_strucni_kadri_2013-2020.pdf

Собрание на Република Македонија, Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија за периодот од 2009 до 2014 година, декември 2008 г, достапно на http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/REZOLUCIJA_MIGRACIONA_POLITIKA.doc.

Собрание на Република Македонија, Резолуцијата за миграциската политика на Република Македонија за периодот од 2015 до 2020 година, јануари 2015г.

# Тркалезна маса и тренинг за млади истражувачи -4.10.2017








CIVICA
MOBILITAS
Citizens for change!

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.346.32-053.6

ДОКМАНОВИЌ, Мишо
Воспоставување на критериуми за квалитет во општествените науки во функција на спречување на одливот на мозоци од Република Македонија : документ за креирање на политики / [автор Мишо Докмановиќ]. - Скопје : Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ, 2017. - 30, 30 стр. : илустр. ; 21 см

Насловна страна на припечатениот текст: Themelimi i kritereve të cilësisë në shkencat shoqërore në funksion të parandalimit të largimit të trurëve nga Republika e Maqedonisë / Misho Dokmanoviq. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текат на мак. и алб. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 23-24

ISBN 978-608-65157-8-2

а) Младинска политика - Миграција на млади - Македонија
COBISS.MK-ID 105496074